*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА - ШТИП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник<br>на Општина - Штип<br>Излегува по потреба | Број 9<br>23 јули 2008 година<br>Ш т и п | ГОДИНА XLV |


196.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-ДУП НА
РАБОТНА ЗОНА „ПРЕБЕГ“ УЕ 58
ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-ДУП на работна зона „Пребег“ УЕ 58-Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 08-1766/2<br>22 јули 2008 година<br>Ш т и п | Градоначалник<br>на Општина Штип<br>Панде Сарев, с. р. |

197.

Врз основа на член 22 и член 26 став 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ број 51/05) и член 21 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 17 јули 2008 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на Нацрт-ДУП на работна зона „Пребег“ УЕ 58
Општина Штип

Член 1

Се утврдува Нацрт-ДУП на работна зона „Пребег“ УЕ 58-Општина Штип според урбанистичката документација изготвена од ЈП „Штип-проект“-Штип со технички број 18/07.

Член 2

Нацрт-Планот од член 1 на оваа Одлука содржи:

- текстуално образложение
- графички прилози според законските одредби
- одредби за реализација на урбанистичката документација
- стручна ревизија на урбанистичката документација
- стручно мислење
- одговор на стручно мислење.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1766/1
17 јули 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип,
Драги Илиев, с. р.

198.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИОТИТЕТ ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ ОД ИНФРАСТРУКТУРА ВО ГРАДОТ

I

Се објавува Одлуката за утврдување на приоритет за изградба на објекти од инфраструктура во градот.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1767/2
22 јули 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

199.

Врз основа на член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 1/03), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 17 јули 2008 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИОТИТЕТ ЗА ИЗГРАДБА
НА ОБЈЕКТИ ОД ИНФРАСТРУКТУРА ВО ГРАДОТ

Член 1

Како приоритет за изградба на објекти од инфраструктура во градот се утврдува:

1. Реконструкција на дел од јавното осветлување на улиците „Маршал Тито“, „Васил Главинов“, „Генерал Михајло Апостолски“, кеј на река Отиња (од Здравниот дом до мост кај кулите и од мостот кај кулите до крстосница „Пролет“) и улица „Јосиф Ковачев“ (спроти кино „Култура“);
2. Реконструкција на тротоарот на улица „Маршал Тито“од хотелот „Оаза“ до црквата „Свети Никола“ (кеј на река Отиња);
3. Реконструкција на пристапната улица до Градската капела;
4. Реконструкција на улицата „Васил Главинов“ од Камениот мост до Црквата „Свети Никола“;
5. Реконструкција на дел од улицата „Сутјеска“ од крстосницата со улица „Сремски фронт“ (кај Базалт) до крстосницата со улица „Партизанска“ (кај АМС);
6. Реконструкција на дел од улицата „Сутјеска“ од крстосницата со улица „Панче Караѓозов“ (кај трговсиот центар ТУШ) до влезот на Градскиот пазар (кај самопослугата на „Макпромет“).

За точките 1, 5 и 6 локалната самоуправа ќе спроведе постапка за јавна набавка.

Точките 2 и 3 ќе ги реализира ЈП „Штип проект“.

Точката 4 ќе ја реализира ГП „Бетон“-Штип, а по веќе спроведена јавна набавка и склучен договор.

Член 2

Средствата за реализација на објектите од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од вишокот на средства од буџетот на Општина Штип за 2007 година, а пренесени во буџетот на Општина Штип за 2008 година и дел од буџетот на Општина Штип за 2008 година.

Член 3

Доколку во изградба на инфраструктурни објекти Општина Штип учествува со сопствени средства во висина од најмалку 90% од вредноста на објектот, површините на инфраструктурните објекти да не се користат за рекламирање на било кој правен субјект, без одлука на Советот на Општина Штип.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1767/1
17 јули 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

200.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА УЧЕСТВОТО НА ОПШТИНА ШТИП ВО
КОФИНАНСИРАЊЕТО НА ОСНОВАЧКИОТ ВЛОГ
НА РЕГИОНАЛНАТА РАЗВОЈНА ФОНДАЦИЈА

I

Се објавува Одлуката за учество на Општина Штип во кофинансирањето на основачкиот влог на Регионалната развојна фондација.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 08-1768/2 | Градоначалник |
| 22 јули 2008 година | на Општина Штип |
| Ш т и п | Панде Сарев, с. р. |

201.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07) и Одлуката донесена на Дванаесетото собрание на градоначалници во Македонска Каменица од 21 февруари 2008 година, Советот на Општина Штип на седницата одржана на 17 јули 2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УЧЕСТВОТО НА ОПШТИНА ШТИП ВО КОФИНАНСИРАЊЕТО НА ОСНОВАЧКИОТ ВЛОГ НА РЕГИОНАЛНАТА РАЗВОЈНА ФОНДАЦИЈА

### Член 1

Со оваа Одлука се обезбедува средства за учеството и износот на средствата со кои Општина Штип ќе учествува во кофинансирањето на основачкиот влог на Регионалната развојна фондација и учество во финансирањето на тековните активности на Здружението на граѓани „Регионален економски развој во Брегалничко-Струмичкиот регион“.

### Член 2

За кофинансирањето на активностите од член 1 на оваа Одлука, Општина Штип ќе издвои средства - 4 денари по жител.

Средствата од став 1 на овој член ќе се обезбедат од буџетот на Општина Штип за 2008 година, а ќе се распределат на следниот начин:

- 50% или 2 денари по жител како учество во основачкиот влог на Регионалната развојна фондација, со што Општина се стекнува со статус ко-основач на фондацијата, и
- 50% или 2 денари по жител - учество во финансирањето на тековните активности на Здружението на граѓани „Регионален економски развој во Брегалничко-Струмичкиот регион“.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1768/1 — Претседател
17 јули 2008 година — на Советот на Општина Штип
Ш т и п — Драги Илиев, с. р.

202.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

I

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1769/2 — Градоначалник
22 јули 2008 година — на Општина Штип
Ш т и п — Панде Сарев, с. р.

203.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07) и член 2 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица („Службен гласник на Општина Штип“ број 02/06, 04/06, 04/07 и 04/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 17 јули 2008 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Член 1

Се доделуваат финансиски средства на:

- Здружение на инвалиди на трудот-Штип за Меѓуопштински спортски игри за пензионери инвлиди на трудот - 10.000,00 денари,
- Црквата „Света Петка“ од с. Кошево за реконструкција - 6.000,00 денари,
- Никола Бељански за печатење на стихозбирката „Протек на времето“ - 5.000,00 денари,
- Здружение Македонски Егеј-Штип за отворање на Спомен паркот на борците и жртвите од егзодусот на македонците од Егејска Македонија - 8.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 ќе се исплатат од буџетот на Општина Штип за 2008 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесување-то, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1769/1
17 јули 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

204.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
# БРОЈ 0701-1770/1 ОД 17 ЈУЛИ 2008 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучок број 0701-1770/1 од 17 јули 2008 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1770/2
22 јули 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

205.

Врз основа на Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица („Службен гласник на Општина Штип“ број 02/06, 04/06, 04/07 и 04/08) и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 17 јули 2008 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

I

Сите баратели, на кои ќе се доделат финансиски средства за печатење, односно издавање на книги, да имаат обврска да земат учество во Програмата на Штипско културно лето почнувајќи од 2009 година, доколку бидат повикани од организаторот.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1770/1
17 јули 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

206.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА
ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ

I

Се објавува Одлуката за доделување на еднократна парична помош.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1771/2
22 јули 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

207.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07) и член 2 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица („Службен гласник на Општина Штип“ број 02/06, 04/06, 04/07 и 04/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 17 јули 2008 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ

Член 1

Еднократна парична помош се доделува на:

1. Сузана Ѓошевска - 4.000,00 денари.

2. Елизабета Коцева - 3.000,00 денари.
3. Бојанка и Вангел Џуклевски - 3.000,00 денари.
4. Благој Читкушев - 6.000,00 денари.
5. Љупчо Пановски - 6.000,00 денари.
6. Сузана Мемедович - 3.000,00 денари
7. Душка Георгиева - 3.000,00 денари
8. Резика Керимова - 20.000,00 денари.
9. Анкица Митевска - 20.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 ќе се исплатат од буџетот на Општина Штип за 2008 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1771/1
17 јули 2008 година
Штип

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

208.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), донесувам

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
## ЗА ЛЕКУВАЊЕ

I

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства за лекување.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1772/2 Градоначалник
22 јули 2008 година на Општина Штип

Ш т и п Панде Сарев, с. р.

209.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07) и член 2 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица („Службен гласник на Општина Штип“ број 02/06, 04/06, 04/07 и 04/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 17 јули 2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ЛЕКУВАЊЕ

Член 1

Се доделува еднократна парична помош за лекување на:

1. Блага Апостолова - 6.000,00 денари.
2. Игор Спасов - 6.000,00 денари.
3. Николина Апостолова - 3.000,00 денари.
4. Али Ибраимов - 4.000,00 денари.
5. Сузана Мемедова - 4.000,00 денари.
6. Бајрам Зејни - 3.000,00 денари.
7. Даница Бокун - 3.000,00 денари.
8. Серхан Кадриев - 4.000,00 денари.
9. Ѓулџан Мемедова - 4.000,00 денари.
10. Роза Митрева - 6.000,00 денари.
11. Сутке Синанова - 3.000,00 денари.
12. Селви Зејнелвоа - 4.000,00 денари.
13. Васе Велковска - 6.000,00 денари.
14. Кенен Зејнелов - 6.000,00 денари.
15. Венцо Стојанов - 6.000,00 денари.
16. Атице Мехмедова - 3.000,00 денари.
17. Виктор Манев - 6.000,00 денари.
18. Демирали Османов - 4.000,00 денари.
19. Барка Јашарова - 6.000,00 денари.

20. Тарифа Абазова - 3.000,00 денари.
21. Јагода Лазарова - 6.000,00 денари.
22. Накшие Изирова - 4.000,00 денари.
23. Ѓула Јаја - 3.000,00 денари.
24. Панче Донев - 3.000,00 денари.
25. Коце Здравев - 4.000,00 денари.
26. Фатиме Рушидовска - 3.000,00 денари.
27. Ботка Наумова - 6.000,00 денари.
28. Сава Стојанова - 6.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 ќе се исплатат од буџетот на Општина Штип за 2008 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1772/1
17 јули 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип

Драги Илиев, с. р.

210.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Заклучокот за усвојување на
Заклучокот од Комисијата за урбанизам, комунални дејности
и заштита на животната средина по Одговорот од
Одделението за урбанизам и заштита на животната средина
по однос на ДУП за дел од центар-Општина Штип
за дел од урбан блок I за објектот
споменик на културата „Саат кула“

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Заклучокот од Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина по

Одговорот од Одделението за урбанизам и заштита на животната средина по однос на ДУП за дел од центар-Општина Штип за дел од урбан блок I за објектот споменик на културата „Саат кула“.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 08-1773/2 | Градоначалник |
| 22 јули 2008 година | на Општина Штип |
| Ш т и п | Панде Сарев, с. р. |

211.

Врз основа на член 21 точка 11 и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 17 јули 2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Заклучокот од Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина по Одговорот од Одделението за урбанизам и заштита на животната средина по однос на ДУП за дел од центар-Општина Штип за дел од урбан блок I за објектот споменик на културата „Саат кула“

I

Се усвојува Заклучокот од Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина по Одговорот од Одделението за урбанизам и заштита на животната средина по однос на ДУП за дел од центар-Општина Штип за дел од урбан блок I за објектот споменик на културата „Саат кула“:

- Се прифаќа висината на „Саат кулата“ да биде согласно фото документацијата и проектот за реконструкција, реставрација и конзервација, а прифатен за реализација од Националниот конзерваторски центар Скопје и позитивното мислење на Одделението за урбанизам и заштита на животната средина.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1773/1 
17 јули 2008 година 
Штип

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

212.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), донесувам

## РЕШЕНИЕ ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА МЕНАЏИРАЊЕ СО ЦВРСТ ОТПАД ВО ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Заклучокот за донесување на Акционен план за менаџирање со цврст отпад во Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1774/2 
22 јули 2008 година 
Штип

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

213.

Врз основа на член 21 точка 11 и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 17 јули 2008 година, донесе

## ЗАКЛУЧОК

ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА
МЕНАЏИРАЊЕ СО ЦВРСТ ОТПАД ВО
ОПШТИНА ШТИП

I

Се донесува Акционен план за менаџирање со цврст отпад во Општина Штип со следните **заклучоци**:

- Програмскиот дел на Акциониот план Советот да го усвои во целост, а за финансискиот дел мислење да даде Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој.
- За финансирањето на секоја активност од Акционен план Советот да одлучува посебно.
- Сите учесници во Акционен план да достават Извештај за преземените активности.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1774/1
17 јули 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

214.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА
НА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ
ЗА 2008 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за донесување на Програмата за работа на Комисијата за еднакви можности за 2008 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1775/2 | Градоначалник
22 јули 2008 година | на Општина Штип
Ш т и п | Панде Сарев, с. р.

215.

Врз основа на Програмата за работа на Советот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 20/07 година) и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 17 јули 2008 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА 2008 ГОДИНА

I

Се донесува Програмата за работа на Комисијата за еднакви можности за 2008 година со следните **заклучоци**:

- На страна 1 во точка 6 пред зборот „работилници“ да се избрише зборот „две“.
- На страна 2 да отпадне точка 5 „Публикување на дел од трудовите на претседателката на КЕМ презентирани на дебатите, организирани на различни родови теми“.
- На крајот на Програмата да се додаде претпоследен став и тоа: Активностите планирани во програмата се наведени према временското завршување на истите.
- Затоа што Комисијата не доби на увид дополнувања на Програмата од страна на Советот, Комисијата предлага Советот да ја донесе Програмата со можности за понатамони измени и дополнувања за тековните потреби во Општина Штип.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1775/1 | Претседател
17 јули 2008 година | на Советот на Општина Штип

Штип | Драги Илиев, с. р.

216.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), донесувам

РЕШЕНИЕ
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА
ПРИФАЌАЊЕ НА БАРАЊЕТО ОД „МАКИ“ ДОО
И БАРАЊЕТО ОД ДРУГИ СОПСТВЕНИЦИ НА ДЕЛОВНИ
СТОПАНСКИ ОБЈЕКТИ ЗА ИЗМЕНА НА ДУП „ТРИ ЧЕШМИ“

I

Се објавува Заклучокот за прифаќање на Барањето од „Маки“ доо и Барањето од други сопственици на деловни стопански објекти за измена на ДУП „Три Чешми“.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1776/2 | Градоначалник
22 јули 2008 година | на Општина Штип

Штип | Панде Сарев, с. р.

217.

Врз основа на член 21 точка 35 и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 17 јули 2008 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА БАРАЊЕТО ОД „МАКИ“ ДОО
И БАРАЊЕТО ОД ДРУГИ СОПСТВЕНИЦИ НА ДЕЛОВНИ
СТОПАНСКИ ОБЈЕКТИ ЗА ИЗМЕНА НА ДУП „ТРИ ЧЕШМИ“

I

Се прифаќа Барањето од „Маки“ доо и Барањето од други сопственици на деловни стопански објекти за измена на ДУП „Три Чешми“ со следниот **заклучок**:

- Да се предвиди изработка на ДУП „Три Чешми“ со кофинансирање во Програмата за изработка на урбанистички планови за 2008 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1776/1
17 јули 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

218.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА БАРАЊЕТО ОД ДПТУ „ЦЕНТРОПРОМ“ ДООЕЛ - ШТИП ЗА ПРОМЕНА НА ДУП-НАСЕЛБА „БЛОК 90“-ШТИП

I

Се објавува Заклучокот за прифаќање на Барањето од ДПТУ „Центропром“ дооел - Штип за промена на ДУП-населба „Блок 90“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1777/2
22 јули 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

219.

Врз основа на член 21 точка 35 и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 17 јули 2008 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА БАРАЊЕТО ОД ДПТУ „ЦЕНТРОПРОМ“ ДООЕЛ - ШТИП ЗА ПРОМЕНА НА ДУП-НАСЕЛБА „БЛОК 90“-ШТИП

I

Се прифаќа Барањето од ДПТУ „Центропром“ дооел - Штип за промена на ДУП-населба „Блок 90“-Штип со следниот **заклучок**:

- Барањето да се прифати доколку има можности со кофинансирање во Програмата за изработка на урбанистички планови за 2008 година, доколку нема можности за реализација во 2008 година истото да се предвиди во Програмата за 2009 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1777/1
17 јули 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

# С О Д Р Ж И Н А


| Р.бр. | | страна/број |
|---|---|---|
| 196. | Решение за објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт-ДУП на работна зона „Пребег“ УЕ 58-Општина Штип | 245/9 |
| 197. | Одлука за утврдување на Нацрт-ДУП на работна зона „Пребег“ УЕ 58-Општина Штип | 245/9 |
| 198. | Решение за објавување на Одлуката за утврдување на приоритет за изградба на објекти од инфраструктура во градот | 246/9 |
| 199. | Одлука за утврдување на приоритет за изградба на објекти од инфраструктура во градот | 247/9 |
| 200. | Решение за објавување на Одлуката за учеството на Општина Штип во кофинансирањето на основачкиот влог на Регионалната развојна фондација | 248/9 |
| 201. | Одлука за учеството на Општина Штип во кофинанси-рањето на основачкиот влог на Регионалната развојна фондација | 249/9 |
| 202. | Решение за објавување на Одлуката за доделување на финансиски средства | 250/9 |
| 203. | Одлука за доделување на финансиски средства | 250/9 |
| 204. | Решение за објавување на Заклучок број 0701-1770/1 од 17 јули 2008 година | 251/9 |
| 205. | Заклучок | 252/9 |
| 206. | Решение за објавување на Одлуката за доделување на еднократна парична помош | 253/9 |
| 207. | Одлука за доделување на еднократна парична помош | 253/9 |
| 208. | Решение за објавување на Одлуката за доделување на финансиски средства за лекување | 254/9 |
| 209. | Одлука за доделување на финансиски средства за лекување | 255/9 |
| 210. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Заклучокот од Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина по Одговорот од Одделението за урбанизам и заштита на животната средина по однос на ДУП за дел од центар-Општина Штип за дел од урбан блок I за објектот споменик на културата „Саат кула“ | 256/9 |
| 211. | Заклучок за усвојување на Заклучокот од Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина по Одговорот од Одделението за | 257/9 |

| | | |
|---|---|---|
| | урбанизам и заштита на животната средина по однос на ДУП за дел од центар-Општина Штип за дел од урбан блок I за објектот споменик на културата „Саат кула“ | |
| 212. | Решение за објавување на Заклучокот за донесување на Акционен план за менаџирање со цврст отпад во Општина Штип | 258/9 |
| 213. | Заклучок за донесување на Акционен план за менаџирање со цврст отпад во Општина Штип | 258/9 |
| 214. | Решение за објавување на Заклучокот за донесување на Програмата за работа на Комисијата за еднакви можности за 2008 година | 259/9 |
| 215. | Заклучок за донесување на Програмата за работа на Комисијата за еднакви можности за 2008 година | 260/9 |
| 216. | Решение за објавување на Заклучокот за прифаќање на Барањето од „Маки“ доо и Барањето од други сопственици на деловни стопански објекти за измена на ДУП „Три Чешми“ | 261/9 |
| 217. | Заклучок за прифаќање на Барањето од „Маки“ доо и Барањето од други сопственици на деловни стопански објекти за измена на ДУП „Три Чешми“ | 261/9 |
| 218. | Решение за објавување на Заклучокот за прифаќање на Барањето од ДПТУ „Центропром“ дооел - Штип за промена на ДУП-населба „Блок 90“-Штип | 262/9 |
| 219. | Заклучок за прифаќање на Барањето од ДПТУ „Центропром“ дооел - Штип за промена на ДУП-населба „Блок 90“-Штип | 262/9 |